# УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ПРОЦЕСОТ НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

Генерално, процесите на носење одлуки во сите фази при планирањето на просторот препознаваат два пристапа:

## Top-down (од горе-надолу)

Top-down планирањето подразбира вертикална организација на целиот процес на урбанистичкото планирање каде носењето на сите одлуки поврзани со планот се детерминирани и зависни од центрите на моќ (крал, политичари, планери, корпорации итн.). Ваквите процеси на планирање на градовите се дел од историската линија на развој каде социо-просторната организација е наметната од управувачкиот општествен естаблишмент. Ваквиот приод во планирањето денес се смета за конзервативен бидејќи чинителите во процесот имаат ексклузивно право за создавање на социјалниот и просторниот ред во општеството при што одлуките често не ги отсликуваат потребите на сите жители на градот, односно се создаваат услови за дискриминација (класна, расна, етничка итн.).

## Bottom-up (од доле-нагоре)

Bottom-up планирањето пред сè се однесува на менување на релациите на моќта, со нејзина хоризонтална редистрибуција во системот на носење одлуки. Ваквиот пристап во урбанистичко планирање се постигнува преку инклузија на што поголем број на чинители во сите фази на процесите на планирање. Целта на bottom-up планирањето е целокупниот процес на идеи, одлуки и планови врзани со просторната (социјалната) организација на градот да прогресира од општествените слоеви кои немаат управувачка моќ а се најзасегнати од планирањето на просторот, односно пред се ги опфаќа граѓаните како корисници на градскиот простор и има за цел да ги вклопи нивните иницијативи бидејќи на тој начин се заштитува јавниот интерес.

Генерално, процесите на носење одлуки во сите фази при планирањето на просторот препознаваат два пристапа:

## Top-down (од горе-надолу)

Top-down планирањето подразбира <u>вертикална организација на целиот процес</u> на урбанистичкото планирање <u>каде носењето на сите одлуки</u> поврзани со планот се детерминирани и зависни од центрите на <u>моќ</u> (крал, политичари, планери, корпорации итн.). Ваквите процеси на планирање на градовите се дел од историската линија на развој каде социо-просторната организација е наметната од управувачкиот општествен естаблишмент. Ваквиот приод во планирањето денес се смета за конзервативен бидејќи чинителите во процесот имаат ексклузивно право за создавање на социјалниот и просторниот ред во општеството при што одлуките често не ги отсликуваат потребите на сите жители на градот, односно се создаваат услови за дискриминација (класна, расна, етничка итн.).

## Bottom-up (од доле-нагоре)

Bottom-up планирањето пред сè се однесува на <u>менување на релациите на моќта</u>, со нејзина хоризонтална редистрибуција во системот на носење одлуки. Ваквиот пристап во урбанистичко планирање се постигнува преку <u>инклузија</u> на што поголем број на чинители во сите фази на процесите на планирање. Целта на bottom-up планирањето е целокупниот процес на идеи, одлуки и планови врзани со просторната (социјалната) организација на градот да прогресира од општествените слоеви кои немаат управувачка моќ а се најзасегнати од планирањето на просторот, односно пред се ги опфаќа граѓаните како корисници на градскиот простор и има за цел да ги вклопи нивните иницијативи бидејќи на тој начин се заштитува јавниот интерес.








Генерално, процесите на носење одлуки во сите фази при планирањето на просторот препознаваат два пристапа:

## Top-down (од горе-надолу)

Top-down планирањето подразбира вертикална организација на целиот процес на урбанистичкото планирање каде носењето на сите одлуки поврзани со планот се детерминирани и зависни од центрите на моќ (крал, политичари, планери, корпорации итн.). Ваквите процеси на планирање на градовите се дел од историската линија на развој каде социо-просторната организација е наметната од управувачкиот општествен естаблишмент. Ваквиот приод во планирањето денес се смета за конзервативен бидејќи чинителите во процесот имаат ексклузивно право за создавање на социјалниот и просторниот ред во општеството при што одлуките често не ги отсликуваат потребите на сите жители на градот, односно се создаваат услови за дискриминација (класна, расна, етничка итн.).

## Bottom-up (од доле-нагоре)

Bottom-up планирањето пред сѐ се однесува на менување на релациите на моќта, со нејзина хоризонтална редистрибуција во системот на носење одлуки. Ваквиот пристап во урбанистичко планирање се постигнува преку инклузија на што поголем број на чинители во сите фази на процесите на планирање. Целта на bottom-up планирањето е целокупниот процес на идеи, одлуки и планови врзани со просторната (социјалната) организација на градот да прогресира од општествените слоеви кои немаат управувачка моќ а се најзасегнати од планирањето на просторот, односно пред се ги опфаќа граѓаните како корисници на градскиот простор и има за цел да ги вклопи нивните иницијативи бидејќи на тој начин се заштитува јавниот интерес.








Генерално, процесите на носење одлуки во сите фази при планирањето на просторот препознаваат два пристапа:

## Top-down (од горе-надолу)

Top-down планирањето подразбира вертикална организација на целиот процес на урбанистичкото планирање <u>каде носењето на сите одлуки </u>поврзани со планот се детерминирани и зависни од центрите на <u>моќ</u> (крал, политичари, планери, корпорации итн.). Ваквите процеси на планирање на градовите се дел од историската линија на развој каде социо-просторната организација е наметната од управувачкиот општествен естаблишмент. Ваквиот приод во планирањето денес се смета за конзервативен бидејќи чинителите во процесот имаат ексклузивно право за создавање на социјалниот и просторниот ред во општеството при што одлуките често не ги отсликуваат потребите на сите жители на градот, односно се создаваат услови за дискриминација (класна, расна, етничка итн.).

## Bottom-up (од доле-нагоре)

Bottom-up планирањето пред сѐ се однесува на <u>менување на релациите на моќта</u>, со нејзина хоризонтална редистрибуција во системот на носење одлуки. Ваквиот пристап во урбанистичко планирање се постигнува преку <u>инклузија</u> на што поголем број на чинители во сите фази на процесите на планирање. Целта на bottom-up планирањето е целокупниот процес на идеи, одлуки и планови врзани со просторната (социјалната) организација на градот да прогресира од општествените слоеви кои немаат управувачка моќ а се најзасегнати од планирањето на просторот, односно пред се ги опфаќа граѓаните како корисници на градскиот простор и има за цел да ги вклопи нивните иницијативи бидејќи на тој начин се заштитува јавниот интерес.









Генерално, процесите на носење одлуки во сите фази при планирањето на просторот препознаваат два пристапа:

## Top-down (од горе-надолу)

Top-down планирањето подразбира вертикална организација на целиот процес на урбанистичкото планирање каде носењето на сите одлуки поврзани со планот се детерминирани и зависни од центрите на моќ (крал, политичари, планери, корпорации итн.). Ваквите процеси на планирање на градовите се дел од историската линија на развој каде социо-просторната организација е наметната од управувачкиот општествен естаблишмент. Ваквиот приод во планирањето денес се смета за конзервативен бидејќи чинителите во процесот имаат ексклузивно право за создавање на социјалниот и просторниот ред во општеството при што одлуките често не ги отсликуваат потребите на сите жители на градот, односно се создаваат услови за дискриминација (класна, расна, етничка итн.).

## Bottom-up (од доле-нагоре)

Bottom-up планирањето пред сè се однесува на менување на релациите на моќта, со нејзина хоризонтална редистрибуција во системот на носење одлуки. Ваквиот пристап во урбанистичко планирање се постигнува преку инклузија на што поголем број на чинители во сите фази на процесите на планирање. Целта на bottom-up планирањето е целокупниот процес на идеи, одлуки и планови врзани со просторната (социјалната) организација на градот да прогресира од општествените слоеви кои немаат управувачка моќ а се најзасегнати од планирањето на просторот, односно пред се ги опфаќа граѓаните како корисници на градскиот простор и има за цел да ги вклопи нивните иницијативи бидејќи на тој начин се заштитува јавниот интерес.

## Top-down + Bottom-up (од горе надолу + од доле-нагоре)

Комбинацијата на двата пристапи е клучно, бидејќи првиот има рационална и прагматична компонента на контрола на процесите на раст на градовите а со тоа и можност за градење на сеопфатна стратегија, додека вториот пристап има социјална компонента и претставува линк помеѓу идеите, интересите но и потребите на различни категории на корисници на градскиот простор кои честопати можат да бидат конфликтни.

Преку балансирање на двата приода одлуките стануваат правични и се намалуваат социјалните тензии, еколошките проблеми, сегрегацијата, урбаното ширење (sprawl), здравјето и комфорот на граѓаните и намалувањето на сиромаштијата.

Потребата за зголемено **учеството на јавноста (public participation)** во процесот на урбанистичко планирање почнува засилено да се манифестира во текот на 60-те години на минатиот век.

Учеството на јавноста во процесот на урбанистичкото планирање подразбира <u>вклучување на граѓаните, нивни здруженија и други заинтересирани субјекти</u> во планирањето, уредувањето и управувањето со изградената и природната средина во која тие ги остваруваат своите активности.

Учеството на јавноста придонесува кон нејзино претворање од пасивен консумент во активно вклучен чинител во креирањето и управувањето на градската средина.




Приказ на односот помеѓу нивото на учество на јавноста во процесот на урбанистичкои планирање и видот на активности поврзан со него

**Главните цели кои можат да се постигнат со повисоко ниво на учество на јавноста се:**

- обезбедување на можност да се слушнат ставовите на јавноста и таа да се вклучи во процесот на планирање и одлучување со цел за подобрување на плановите и нивно вистинско влијание врз подигнувањето на квалитетот на секојдневниот живот

- промовирање на чувството на заедница преку споделување на заеднички цели на сите инволвирани страни и

- зголемување на свеста за проблемите и потребата за директно и активно учество во креирањето на можните начини за нивно решавање.

Фактот што во органите на локалната самоуправа седат избрани претставници на граѓаните, не е доволен да обезбеди соодветно учество на јавноста во процесот на урбанистичко планирање.
Традиционалниот начин на „учество“ на јавноста во нашето урбанистичко планирање се исцрпува со јавната презентација и јавната расправа, најчесто по нацртот на плановите (draft верзија на планот), но начинот на нивното презентирање преку синтезниот план многу често ги прави плановите „нечитливи“ за пошироката јавност.



Јавна расправа на детален урбанистички план (ДУП)

**Квалитетното учество на јавноста во процесот на урбанистичкото планирање е потребно од следниве причини:**

- тоа најчесто претставува <u>извор на локални информации</u> за состојбата на средината, за потребите и ставовите на жителите, кои во спротивно може да останат нерегистрирани

- претставува и начин на <u>заштита на интересите на граѓаните</u> кои во процесот на планирање можат да бидат подредени на интересите на големите бизниси и институции или едноставно да бидат занемарени од локалната администрација

- го олеснува <u>договорот и очекувањата</u> за тоа што можат да обезбедат плановите како подобрување на постојната состојба.

На почетокот на секој процес на учество на јавноста во планирањето на просторот треба јасно да се констатираат разликите во гледањата и очекувањата помеѓу различните чинители и да се поставаат реално остварливи цели, за учесниците во процесот не бидат разочарани со резултатите, односно со промените во просторот што ги предвидува планот.




Иницијативи за промена на плански документ преку граѓански активизам

Една од главните придобивки на партиципацијата е што сите поединци и заинтересирани групи мораат да соработуваат во еден вид отворен форум, во кој ќе можат слободно да ги изнесат сопствените ставови, да направат потребни компромиси и да дојдат до одлуки прифатливи за сите. Вклучувањето во ваков процес ги открива различните интереси кои мора да тежнеат кон заедничко врамнотежување, што води кон зајакнување на релациите во рамките на заедницата.

Улогата на планерите во овој процес е да го олеснат доаѓањето до заеднички одлуки преку транспарентен процес на планирање. Ова најчесто е помогнато со презентирање на можни алтернативни плански решенија, од кои може да се избере најповолното или да се направи ново со комбинација на повеќе елементи од различни решенија.
Учеството на јавноста во урбанистичкото планирање е континуиран процес поттикнат од постојаното менување на состојбите во просторот и општеството, менувањето на сфаќањата и приоритетите на различните учесници итн., што ја предизвикува потребата од континуирано преоценување на резултатите од процесот на планирање.



Јавна презентација на детален урбанистички план (ДУП)

Праксата на јавна расправа за плановите, што постои кај нас, одговара на ниско ниво на партиципација на јавноста во планирањето. Јавното изложување на плановите, нивната презентација и можноста да се доставаат забелешки на планот се случуваат post festum, кога планот е веќе оформен како нацрт план. Во таа фаза индивидуалните забелешки можат малку да влијаат на целината на планот.

Од таа причина потребно е да се применат различни техники на активна соработка помеѓу планерите и заинтересираните поединци и групи уште од најраната фаза на подготовка на планот, за да се овозможи креативен придонес на јавноста во планирањето. Организирањето на работилници, анкетирањето, интервјуата, формирањето на фокусни групи и други форми на соработка придонесуваат кон тоа јавноста да стекне вистинско сознание за состојбите во просторот и да се поттикне креативното мислење во решавањето на актуелните проблеми.



Јавна презентација на детален урбанистички план (ДУП)



**ОПШТИНА**

**АНКЕТЕН ЛИСТ**
**Број__________**

*Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Општина Центар-Скопје организира ЈАВНА АНКЕТА по Нацрт Детален урбанистички план.*

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Детален урбанистички план (назив на урбанистичкиот зафат) | **ДУП Градска четврт З 11-** локалитет Буњаковец 1 и Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје | Пополнува Општината |
| 2. | Место на излагањето на планот | ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци" | |
| 3. | Време на излагање на планот | 21.12.2015 год.- 05.01.2016 год. | |

*Податоци за физички и правни лица и за невижниот имот за што се даваат забелешки*

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Назив на правното, односно име и презиме на физичкото лице | | Пополнува граѓанин, односно организација (правно лице) |
| 5. | Контакт адреса и контакт телефон на правното,односно физичкото лице | | |
| 6. | Адреса на објектот,односно катастарска парцела за што се дава забелешката | | |
| | Забелешка(читливо испишана или отпечатена ) : | | |

Дата, ____________

М.П.
(за правни лица)

Своерачен потпис, ____________

Анкетен лист за забелешки на детален урбанистички план

# УП2

Иако за планерите, задачата станува посложена со активното вклучување на јавноста во процесот на урбанистичко планирање, постојат повеќе причини што одат во прилог на потребата за нејзино вклучување во изготвувањето и спроведувањето на плановите, како на пример:

- подобрување на ефективноста на планирањето
- одлуките во процесот на урбанистичкото планирање се комплексни и во тој процес потребно е разбирање и вклучување на сите релевантни локални информации, ставови, потреби и интереси
- спроведувањето на плановите се подобрува со јавно постигнатата согласност и договор
- зголемување на транспарентноста во процесот на одлучување
- поголема можност за решавање на конфликтите преку постигнување на консензус
- размена на информации
- подобрување на знаењето, разбирањето и свеста на јавноста
- намалување на недовербата на јавноста во системот на урбанистичко планирање.




Веб сервис за информирање на граѓаните за важечките детални урбанистички планови
https://www.centar.gov.mk/?page_id=6742

Во поново време учеството на јавноста во процесот на планирање се темели првенствено на користењето на информациската технологија која ја олеснува комуникацијата помеѓу локалната власт, граѓаните и сервисите што им стојат на располагање.
Сепак, не треба да се занемари фактот дека, особено кај нас, сите граѓани немаат пристап или познавање на користењето на новите технологии, што става дел од жителите во подредена положба кога учеството се темели само на користење на алатки поврзани со интернетот. Затоа, во оваа фаза покрај зголеменото користење на информациската технологија треба да се користат и методи кои нема да дискриминираат никого.
Меѓутоа, со сигурност може да се очекува дека сè поголем дел од жителите ќе можат да ги користат придобивките од развојот на информациската технологија што позитивно ќе влијае на учеството на јавноста во процесот на урбанистичко планирање.




Веб сервис за информирање на граѓаните за фазите на донесување на деталните урбанистички планови
https://www.centar.gov.mk/?page_id=6742

Еден од облиците на локално поврзување е претставен преку мноштво веб страни за соседства или градови наречени „placeblogs“, на кои се одвиваат континуирани преписки, се споделуваат информации и се спојуваат жители со слични интереси што придонесува кон зајакнување на врската помеѓу жителите и нивното место на живеење.




Приказ на најчесто користените алатки за комуникација во зајакнувањето на врската на жителите и нивното место на живеење

УП2



natochak.blogspot.com

# На Точак

Група ентузијасти со цел подобро велосипедско Скопје.

HOME | ШТО Е КРИТИЧНА МАСА? | КРИТИЧНА МАСА - СКОПЈЕ | ТОЧКАРСКИ ЗАКОНИ ВО РМ | ПРИЈАВИ | DOWNLOAD

## ЗА НАС

НА ТОЧАК

СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

Група Скопски велосипедисти. twitter: www.twitter.com/NaTochak хаштаг: #NaTochak FB: www.facebook.com/NaTochak e-mail: natochak@gmail.com

VIEW MY COMPLETE PROFILE

## КАТЕГОРИИ

#JasNaTochak (2) #SkNaTochak (2) #KM55 (1) bike kitchen (3) BikeToWork (2) car free day (3) Car-free Day (2) ECF (2) Engage (1) GhostBike (1) helmet law (3) KM#76 (1) KM70 (1) MobilityWeek (1) rent-a-bike (3) WinterBikeToWorkDay (3) акција (9) Андреј Клеменц (1) анкета (3) барања (9) барање (1) безбедност (13) буџет (1) вело-анализа (2) вело-град (13) вело-инспекција (1) вело-Македонија (2) вело-матине (1) велорезолуција (4) видео-акција (2)

05 April, 2019

## Патувачка велосипедска патека ги поврзува велосипедистите од регионот

10:49 На Точак

Патувачка платнена велосипедска патека ги обединува велосипедистите од регионот со исти проблеми Серија акции: Четири скопски приказни кои можат да бидат велосипедски / Црвен тепих за точаци Група активисти по јавниот повик од НаТочак

Search

## ЗАПИШИ СЕ

Вашата меил адреса за добивање на објавите од блогот:

Внеси

Delivered by FeedBurner

Приказ на веб страната на здружение на граѓани кое го промовира користењето на велосипедот како превозно средство во рамките на град Скопје

# УП2

Една од поновите форми на учество на јавноста во процесот на урбанистичкото планирање се т.н. **„живи“градски лаборатории (urban living labs)**.
Живите лаборатории се појавуваат во првата деценија на овој век и се дефинираат како кориснички насочени екосистеми на отворена иновација кои се темелат врз ко-креација на корисниците, интегрирање на истражувањата и иновациите во реалното животно окружување на заедницата.

Живите лаборатории функционираат како посредници помеѓу жителите, институциите и стручњаците во процесот на заедничко создавање на решенија за постојни проблеми. Живите лаборатории имаат заеднички елементи, но и мноштво на различни имплементации.
Кога живите лаборатории се занимаваат со прашања поврзани со урбанистичкиот развој на градот, тие се именуваат како живи градски лаборатории чија основна карактеристика е колаборативниот пристап во нивното функционирање.





Од работата на Copenhagen Street Lab (в. www.cphsolutionslab.dk )

**Основни елементи на живите градски лаборатории, освен активното учество на јавноста и истражувањето во реалниот градски контекст се и:**

- ко-креација во сите фази на процесот
- дефинирање на проблемот
- визуелизација на проблемот
- истражување и експериментирање
- „идејација“ и солуција
- евалуација на предложеното решение.




Европска мрежа на живи лаборатории (в. enoll.org )

# СОДРЖИНА НА ПРОГРАМ

## летен семестар 2024-2025

**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ 2**
летен семестар 2024-2025 година ВЕЖБА 6

ЛОКАЦИЈА: Карпош – „Алумина“, СКОПЈЕ

СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ:

**ЛИСТ 1:**
1.1 Аналитички дел со заклучок (образложение на урбанистичкиот концепт преку цртежи, дијаграми и текст, слики од референтни примери со куси коментари)

1.2 Планска програма
- Првични и финални пресметки за цел урбан опфат по класи на намени изразени во м2 и процентуална (%) застапеност на истите
1.3 Намена на површините 1:2500

- се обележува границата на опфатот, се дефинираат блоковите (р.л), сообраќајниците, крстосниците, класите на намени (доколку во еден блок имаме повеќе класи на намени се појавуваат и г.г.п)

**ЛИСТ 2:**
2.1 Урбанистичко решение 1:1000 (со легенда) на цел опфат со обележување на основните намени по блокови, површини за градба, градежните парцели, бр. на парцела, бр. на блок, регулационите и градежните линии, границите на градежните парцели, намените на парцелите и објектите, висините на изградба (П+..., Н=....), осовини на улици и нивно означување

2.2 Кусо образложение на урбанистичкиот концепт (во неколку клучни реченици, може да се стави и како дел од содржината на лист бр.1)

2.3 Се прикажуваат основните урбанистички показатели во табела по следниот редослед: бр. на блок, бр. на парцела, класа на намена, површина на парцела (м2), површина за градење (м2), вкупна развиена површина (м2), процент на изграденост (%), коефициент на искористеност (к), мах. висина на венец (Н=....), катност (П+....), вкупен број на паркинг места (подземно и надземно паркирање), бр. на жители на секоја парцела, а за целиот опфат бруто густина на населеност (број на жители на 1ха), нето густина на населеност (број на жители на 1ха само за површината со намена домување (А2), блоковите со мешовита намена (М), не влегуваат во оваа пресметка)

ЗАБЕЛЕШКА:
**На лист број 2 се прикажува сообраќајната мрежа (со сите елементи на профилот на улиците и нивните осовини), регулационите линии, границите на градежните парцели, површините за градба, класите на намени и останатите елементи од 2.1 – сите соодветно обележани. Паркирањето и елементите од решението на партерот кои припаѓаат на парцелите НЕ СЕ ПРИКАЖУВААТ во овој прилог или <u>истите може да се прикажат со тенка сива линија</u> за да не пречат на главните информации кои се бараат во овој прилог. На овој лист (исто како и на лист 3) се прикажува и габаритот на подземното паркирање кое се бележи со тенка цртkана линија (може во боја).**

**<u>ЛИСТ 3:</u>**
3.1 Сообраќајно решение 1:1000 со означување на попречните профили на улиците и површините за стационарен сообраќај со потребен број на паркинг места (се обележува надземното и подземното паркирање и се впишува бројот на паркинг места на секој паркинг простор одделно), пешачки премини, велосипедски патеки. Габаритот на подземното паркирање се бележи со тенка цртkана линија (може во боја).

ЗАБЕЛЕШКА:
**На овој прилог може да се прикаже и партерното решение со приказ на пристапните и останатите патеки за пешачко движење како и зоните на високо и ниско зеленило. Да се внимава истото да не пречи на приказот на елементите од сообраќајното решение. По ваш избор, партерното решение може да биде направено и на посебен лист (лист 4). И во двата случаи (еден или два засебни листа) на прилогот треба да бидат прикажани габаритите на објектите, нивната висина и границите на градежни парцели!**

3.2 Попречни профили на сообраќајници (во размер 1:500) или по избор (истите треба да бидат котирани)

ЗАБЕЛЕШКА:
**Покрај сообраќајниот профил овој прилог треба да ги опфати и карактеристичните ситуации со објекти непосредно до сообраќајниците прикажувајќи го притоа третманот на просторот помеѓу објектите и улицата**

ЛИСТ 4:
4.1 3Д прикази (просторни прикази кои го прикажуваат целиот опфат и негови карактеристични делови)

**НАПОМЕНА**

• ЗАДАЧАТА СЕ ПРЕДАВА ВО ПАПКА 42/60см. ФОРМАТОТ НА ЛИСТОВИТЕ Е 42/60см **ИЛИ ПОГОЛЕМ за лист 2 и 3**! Доколку има потреба од поголем формат истиот треба соодветно да се превитка во форматот на папката 42/60см.
ЗАДАЧАТА СЕ ПРЕДАВА ПЕЧАТЕНА НА ХАМЕР ИЛИ ХАРТИЈА **НА ДЕН 16.06.2025 (ПОНЕДЕЛНИК) од 14.00-15.00 ЧАСОТ ВО УЧИЛНА 215**

• Сите Графичките прилози (лист 1-4) може да се претставаат на хоризонтален или вертикален формат (по избор).

• Сите прилози треба да содржат ознака за север, нумеричка и графичка ознака за мерило, соодветна легенда, име и презиме на студентите и број на индекс, наслов на прилогот, задачата, учебната година (семестарот) и менторот со кого е работена истата

# ВЕЖБИ

- се анализира сегмент од градскиот простор со димензии од сса 15-20ха наменет за домување
- се анализираат референтни примери
- се планира урбанистичко решение на градски простор од сса 15ха со основна класа на намена за домување (1:2500)



# ВЕЖБИ

- се анализира сегмент од градскиот простор со димензии од сса 15-20ха наменет за домување

- **се анализираат референтни примери**

- се планира урбанистичко решение на градски простор од сса 15-20ха со основна класа на намена за домување (1:2500)

**РЕФЕРЕНТНИ ПРИМЕРИ**





**CRUQUIUSEILAND,AMSTERDAM,NETHERLAND**

Контурата на опфатот е идеална за радиален распоред на згради во линеарни секвенци што се отвораат кон водата. Покрај тоа, ваквата поставеност овозможува навлегување на максимална сончева светлина длабоко во просторите меѓу зградите. Линеарните секвенци се поделени во поголеми и помали волумени, со што се создава структура која е во релација со човечката големина. Секоја зграда има свој карактеристичен состав и идентитет во рамките на кохерентна целокупна структура.

**EMMEN, SWITZERLAND, MVRDV**

Предлог за урбан хибриден развој, кои ги комбинира карактеристиките на градското подрачје: централна локација, приватност, подземен паркинг, со карактеристиките на приградскиот живот: градини, повеќе нивоа и заедница во соседството.





**Municipality of HANOVER, GERMANY**



Трите соседства се состојат од згради околу централните плоштади во соседството. Овие градби се состојат од различни типови живеалишта, како што се катни згради и градски куќи со мешани типологии за домување, со цел да се создаде разновидност. Периферните зградите се ориентирани навнатре кон јавни места, слично на типологијата на зградите во дворот. Овие згради опкружуваат јавни плоштади, кои формираат центри на индивидуални квартови каде се сместени социјалните установи и комуналните потреби, вклучувајќи ги и дневните центри и основните училишта.



# ВЕЖБИ

- се анализира сегмент од градскиот простор со димензии од сса 15-20ха наменет за домување

- се анализираат референтни примери

**- се планира урбанистичко решение на градски простор од 15-20ха со доминантна класа на намена за домување (1:2500)**



УП2

# ВЕЖБИ




- се обликува и визуелизира новопредвидениот план

- урбанистичко се уредува планираниот простор (1:1000)

- **се врши програмирање и се планира просторот (1:1000)**

# ВЕЖБИ

- се обликува и визуелизира новопредвидениот план

- **урбанистичко се уредува планираниот простор (1:1000)**

- се врши програмирање и се планира просторот (1:1000)



# ВЕЖБИ

- се обликува и визуелизира новопредвидениот план

- урбанистичко се уредува планираниот простор (1:1000)

- се врши програмирање и се планира просторот (1:1000)

